**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-1796/1

Скопје 29.03 2016г.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 12, член 20 став 1 алинеји 4 и 10, а во врска со член 8 став 4 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеји 4 и 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, во однос на известувањето од Овластениот државен ревизор од Државниот завод за ревизија за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадените препораки содржани во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-1629/5 од 29.03.2016 година, на својата 14-та седница одржана на 29.03.2016 година, го утврди следниот:

Став
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на известувањето за извршена проверка на преземени мерки во врска со дадени препораки содржани во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во целост се согласува со мислењето дадено во Известувањето за извршената проверка на преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 11-266/4 од 10.03.2015 година за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услугу (Агенцијата), заверен во архивата на Агенцијата под број 03-583/3 од 11.03.2016 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009